интернет издание
www.dnevnik.com.mk
Дневник
Најнов број | Насловна | Број 2649 | сабота, 18 март 2006



Powered by nextsense webBuilder

# Македонија







ПРЕГЛЕД НА ЛИКОВНАТА СЦЕНА ВО 2004 ГОДИНА

## Во потрага по сопствен идентитет

Во амбиент во кој преовладуваат елементите на "политичкиот проект" и потрагата по сопствениот идентитет, на различен начин беа промовирани различни идеи, изложби и манифестации. Изложбата на уметнички мултипликати на Британскиот совет беше организирана во летните месеци во Музејот на град Скопје. Со примероци на предмети со минијатурни и други димензии се проблематизираше прашањето за оригинал и репродукција, за "Уметничко дело во време на механичка репродукција" (В. Бењамин, 1936). Покрај англиските уметници беа изложени мултипликации на македонски начин.

Во истиот музеј беше претставена донација на подготвителни цртежи или картони (во размер 1х1) за фреската за НОБ од Борко Лазарески. Тој во 1956 година во Старата железничка станица го изведе тоа монументално дело решено во духот на посткубистичкиот експресионизам, извршувајќи пресвртничка улога во развитокот на социјалистичкиот модернизам кај нас.

Во Музејот на современата уметност ги видовме гравурите и илустрациите на Макс Ернст, ингениозен сликар и скулптор што припаѓал на германски ДАДА и на уметничкиот надреализам.

Во тек е изложбата "Геометриска апстракција и оп-арт", која на информативен начин укажува на значењето на тие уметнички правци. Покрај тоа, се откриваат празнините во фундусот на дела во тој музеј. Можело барем во текстот да се спомenат остварувањата од 60-те години на Родољуб Анастасов, како и на графичарот Гинтер Кубе и на други уметници.

На ликовната сцена среќаваме примери на уметници-критичари или на уметници-толкувачи. Вниманието го привлече проектот "Процес" на Игор Тошевски, кој претставува концептуална мултимедиумска инсталација на тема бирократија - уметник.

Сашо Поповски во своите комбинирани скулптури-предмети (варирајќи мало со големо) критички и духовито ги толкува настаните во "Македонија во живо".

Тој во еден дел го обележува трендот на ликовна обработка на класичниот мит на Александар Македонски во македонската уметност. Годинава, поорганизирано и навремено е извршен избор на дело за наш претставник на следното меѓународно Биенале во Венеција. Делото "Бродот на Моцарт" од Антони Мазневски, покрај привлечниот дизајн, не можеше да предизвика некаква "суштествена возбуда", која треба да е карактеристика на едно уметничко дело.

Делата на Маја Бикова, изложени една година по нејзината смрт, го покажаа своето значење за поновиот развиток на графиката и фигуративниот цртеж во македонската уметност.

Почина Ане Василевски, еден од најпознатите македонски карикатуристи, кој е автор, меѓу другото, на сугестивната метафора за современата отуѓеност. Станува збор за мотив на човечки пар што оди рака под рака, а комуницира единствено преку мобилните телефони.

Скулпторот Станко Павлески ја направи својата "Книга над кориците" (издание на "Кино Напредок 3", Скопје) или, како што самиот забележал: "Моја антологија - македонски уметници и критика 1954-2004", како и "книга-уметнички проект во рамки на мојот нов проект трилогија - три противправила за однос". Волуминозната книга-споменар во која е вложен голем труд може да биде полезна за истражувачите затоа што во неа се објавени помалку познати текстови, а подеднакво и незадолжително четиво што ја подгрева личната суета затоа што нема поврзувачки нишки и содржини. Проблематизирањето на прашањето на релација уметник-критичар, пред се заради нагласеното место на недоразбирањата и лошите страни на професијата, резултираат со документирање на постојната криза во уметничкото творештво и уметничката критика кај нас.

Скопје, како и Велес, Битола и други градови станаа жртви на униформирана и збиена архитектура, како и на новокомпониран споменичен Ел Дорадо. Во "украсувањето" на визуелниот простор на градот не се водело сметка за посебните естетски, културни и морални принципи и

ЗА: ФИРМИ, БИЗНИСМЕНИ, ПРАВНИ, КАКО И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

критериуми поврзани со подигање на меморијални и монументални дела. Се заборавило дека "градот не го прават камења, туку луѓето." Мозаикот во комплексот во Пелинце претставува посебна приказна.

© 2001 Дневник, сите права задржани